Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник бр. 52/2010), Собранието на Здружението на бубрежно болни граѓани НЕФРОН Скопје на ден 27.11.2016 година донесе:

С Т А Т У Т
На Здружението на бубрежно болни граѓани НЕФРОН Скопје
(пречистен текст)

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут се уредува:

- Името и седиштето на здружението,
- Целите на здружението,
- Дејностите со кои се остваруваат целите,
- Начинот на одлучување за зачленување, исклучување и престанок на членувањето кон здружението,
- Права, обврски и одговорности на членовите,
- Видот на органите и нивниот состав, начинот на избор и разрешување,траење на мандатот на членовите во органите и начинот на одлучување,
- Застапување по закон,
- Начинот на стекнување и располагање со средства,
- Начинот на донесување, изменување и дополнување на статутот,
- Начинот за одлучување на статусни промени и престанок на здружението,
- Начинот на донесување на планови и програми,
- Постапување со средства и имотот во случај на престанок на здружението,
- Други прашања утврдени со Закон

ИМЕ И СЕДИШТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 2

(1) Името на здружението гласи: **Здружение на бубрежно болни граѓани НЕФРОН Скопје**. Кратко име: **НЕФРОН Скопје**

(2) Седиштето на здружението е во Скопје, ул 11-ти Октомври бр. 17, Општина Центар.

Член 3

(1) Здружението има свој печат и штембил.

(2) Печатот на здружението е во кружна форма со пречник од четири сантиметри со впишан текст на македонски јазик кој гласи: Здружение на бубрежно болни граѓани " НЕФРОН "Скопје.

Член 4

Во работата на здружението се употребува името впишано во Централниот регистар.

ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И ДЕЈНОСТИ СО КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ

Член 5

Основни цели на здружението се:

- да обезбеди и спроведува едукацијата на членството;

- да се залага за превенција, рано откривање и соодветен третман на бубрежните заболувања;
- да се бори и обезбедува што поквалитетно лекување со дијализа и трансплантација;
- да се грижи за подобрување на квалитетот на живеењето на пациентите на дијализа и трансплантираните лица;
- да се залага за воведување на кадаверична трансплатација на бубрези ;
- да соработува во надлежните здравствени организации и други државни институции, како и слични невладини здруженија, организации и асоцијации;
- да работи други работи во согласност со овој статут и позитивните законски прописи на Република Македонија .

Член 6

Своите цели и задачи здружението ги остварува преку:

- остварување на конкретни активности
- спроведување на заеднички проекти на членовите
- организирање на заеднички проекти, трибини, научни советувања, концерти, изложби и други манифестации
- соработка со центрите за дијализа во Република Македонија, со други организации, институции и здруженија од хуманитарен, научен, културен, образовен и друг карактер
- вршење на други работи во согласност со овој Статут, Законите и Уставот на Република Македонија

НАЧИНОТ НА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО И ИСКЛУЧУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 7

(1) Во здружението може да членува секој, кој ги исполнува законските одредби за зачленување во Здружението, а кој ги прифаќа целите и задачите на Здружението.
(2) Член на здружението се станува со потпишување на пристапница.
(3) Членувањето во здружението е слободно и доброволно.

Член 8

Членството во Здружението престанува по сопствено барање или со исклучување поради непридржување кон одредбите на овој Статут.

ПРАВА ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

Член 9

Правата, обврските и одговорностите на членовите се:

- да бидат рамноправни и еднакви во остварувањето на своите права и обврски , без оглед на полот расата ,националната и социјална припадност и потекло, политичкото и верско убедување, имотна и општествена положба.
- да избира и да биде биран во органите и телата на Здружението
- да покренува иницијативи за отповикување или сменување на делегираните преставници кои не се залагаат за остварување на ставовите што ќе бидат заеднички утврдувани и донесувани;

- да покренува иницијативи, да дава предлози и мислења за расправа, како и за прашања кои се однесуваат на работата на органите и телата, да учествува во расправите и одлучувањето и да добива одговори;
- активно да работи во Здружението и во неговите органи и тела заради поуспешно остварување на програмите и тековните задачи;
- да учествува во работата на комисиите на Здружението.
- да се придржуваат кон одредбите на овој Статут и актите на органите и телета на Здружението.
- да вршат други работи кои се во согласност со статутот на здружението,како и другите важечки закони и прописи во Република Македонија.

ВИДОТ НА ОРГАНИТЕ, НИВНИОТ СОСТАВ, ИЗБОР, РАЗРЕШУВАЊЕ, ТРАЕЊЕ НА МАНДАТОТ

Член 10

Органи на Здружението се:
- Собрание
- Претседател
- Потпретседател (двајца)
- Извршен одбор
- Надзорен одбор

СОБРАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 11

Собранието е највисок орган на Здружението и го сочинуваат сите членови, претставувани преку делегати избрани во огранoците на здружението.

Член 12

Надлежност на собранието е:
- донесува статут, програма и други акти,
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај
- доставува финансиски извештај до надлежен орган
- одлучува за промена на целта на здружението
- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на Здружението
- избира и разрешува членови на органите
- врши и други работи во согласност со Статутот и актите на Здружението.

Член 13

(1) Собранието работи на седници.
(2) На седниците присуствуваат делегати од огранoците на Здружението.
(3) Собранието одржува на седница, најмалку еднаш годишно (годишно собрание), а по потреба може да свика и вонредна седница.
(4) Со седниците на собранието раководи претедателот, кој се избира од редот на членовите на собранието и неговиот мандат трае 4 (четири) години.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 14

(1) Здружението има претедател, кој воедно е и застапник на истото.
(2) Претседателот има 2 (двајца) потпретседатели.

(3) Претседателот на Здружението, своите права и должности ги извршува согласно Статутот, актите донесени од Собранието, Законот за здруженија и фондации како и другите позитивни законски прописи во Р. Македонија
(4) Во случај на привремена спреченост на претседателот на Здружението, него го заменува еден од потпредседателите, а по овластување на претседателот.

Член 15

(1) Кандидат за претседател може да предложат најмалку 5 (пет) членови на Собранието на здружението.
(2) За избран се смета оној кандидат кој добил мнозинство гласови од вкупниот број на членови насобранието.
(3) Мандатот на претседателот трае 4 четири години, со право на реизбор.

Член 16

Претседателот на здружението ги има следните права должности и одговорности:
- свикува седници на собранието,
- ја спроведува политиката на Здружението,
- го застапува и претставува Здружението,
- го координира функционирањето на Здружението,
- се грижи за спроведување на одлуките, заклучоците и другите акти на Здружението,
- ги потпишува актите на Здружението,
- предлага програма за развој на Здружението,
- предлага начин и форма на финансирање наЗдружението,
- предлага кандидати за потпретседатели на здружението до Собранието,
- врши други работи што ќе му ги довери собранието, извршниот одбор или произлегуваат од статутот или законот

Член 17

(1) Функцијата претседател на собранието престанува:
  - по сопствено барање и
  - со разрешување од собранието на здружението.
(2) За одговорноста на претседателот на здружението, одлучува собранието на здружението, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на собранието, на предлог на најмалку1/3 од вкупниот број начленови на собранието.

Член 18

За потпретседателите, во случаите кога го заменуваат претседателот, важат истите одредби како и за претседателот.

ИЗВРШЕН ОДБОР НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 19

(1) Извршниот одбор е извршен орган на здружението.
(2) Извршниот одбор брои 9 (девет) членови со мандат од 4 четири години.
(3) Членовите на Избршниот одбор ги бира Собранието.
(4) Претседателот на Извршниот одбор го бираат членовите на Извршниот одбор.

Член 20

(1) Седниците на Извршниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Извршниот одбор.
(2) Седниците на извршниот одбор се свикуваат и по предлог на:
  - претседателот на Здружението
  - најмалку 1/3 една третина од членовите на Извршниот одбор

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ * РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ ВРОЈ 8

Член 21

(1) Извршниот одбор полноважно може да работи и одлучува , доколку на седницата присуствуваат повеќе од половина од вкупниот број на членови.
(2) Извршниот одбор своите одлуки ги донесува со јавно гласање, со мнозинство од присутните членови.
(3) За работата на Извршниот одбор се води Записник, кој се усвојува на наредната седница, а го потпишуваат претседателот и записничарот.

Член 22

Извршниот одбор ги има следните права, должности и одговорности:

- ги подготвува седниците на собранието на Здружението,
- ги подготвува нацртот на Статутот и другите одлуки што треба да ги донесе собранието,
- му предлага на ставови и заклучоци на собранието,
- ги реализира ставовите и заклучоците на собранието,
- може да формира стручни тела и да врши контрола врз нивната работа,
- управува и одговара за управувањето на имотот на Здружението,
- подготвува годишен извештај за својата работа,
- донесува Деловник за својата работа,
- именува потписници за жиро сметка на Здружението,
- ги изготвува сите финансиски извештаи и се грижи за финансиското работење на здружението,
- извршува и други работи што ќе му ги довери Собранието на Здружението.

Член 23

(1) За својата работа Извршниот одбор одговара пред Собранието на Здружението.
(2) Собранието на Здружението може да го отповика Извршниот одбор или негов член.
(3) Предлог за отповикување на извршниот одбор или негов член може да поднесе орган на Здружението или најмалку 1/3 од членовите на Собранието.
(4) Предлогот за отповикување може да биде во писмена форма.

НАДЗОРЕН ОДБОР НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 24

(1) Надзорниот обор има 3 членови што ги избира собранието од редот на своите членови.
(2) Претседателот на надзорниот одбор го бира Одборот од своите членови со мандате од 4 (четири) години.
(3) Надзорниот одбор ги има следните права, должности и одговорности:
   - врши контрола врз спроведувањетона Статутот на Здружението и други акти на здружението.
   - остварува и други права, должности и одговорности што се утврдени со закон или со овој статут.

НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА

Член 25

(1) За остварување на своите цели и задачи, Здружението стекнува средства, предмети и материјални добра што се обезбедуваат од:
   - членарина;
   - доброволни прилози;

- подароци (во пари, добра, имотни права);
- донации;
- завештанија;
- легати;

(2) Здружението може да добива средства од Буџетот на Р. Македонија, како и од буџетите на општините.

Член 26

Стекнувањето,користењето и располагањето со средствата на здружението, се врши на начин утврден со законот и статутот но и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на здружението, а над личните интереси.

НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Член 27

(1) Извршниот одбор на здружението ги носи и изготвува сите финансиски извештаи на здружението и се грижи за неговото финансиско работење.
(2) Извршниот одбор има обврска за изготвување на финансискиот извештај и неговото доставување до надлежниот државен орган или орган на локалната самоуправа, кога се користат, односно се доделени средства од буџетот или од буџетите на општините.

НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ВО РАБОТАТА

Член 28

(1) Работењето на Здружението е јавно со тоа што обезбедува непречено присуство на сите нејзини членови на сите седници на органите и телата на Здружението.
(2) Јавноста во работата се остварува и преку контактите со средствата за јавно информирање, преку прес конференции, како и преку информации објавени на веб страната на здружението.

НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ, ДОПОЛНУВАЊЕ И ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

Член 29

(1) Статутот на здружението се донесува на основачкото собрание на здружението.
(2) Кога се вршат статусни промени, како промена на називот, седиштето, целите за кои е основано здружението, припојувањето, на здружението кон друго здружение или негова поделба, се донесува пречистен текст на статутот во кој се опфатени сите промени.
(3) Измени и дополнувања на статутот може да врши само собранието на здружението.
(4) Статутот влегува восила со денот на неговото донесување, односно по уписот на здружението во Централниот регистар на Р. Македонија.

НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА СТАТУСНИ ПРОМЕНИ И ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 30

Здружението се формира на неопределено време но може и да престане, односно да биде бришано од регистарот и тоа:

- кога за тоа со 2/3 мнозинство ќе одлучи Собранието на здружението,
- со статусна измена која предвидува престанок на здружението,

- бројот на членовите се намали под бројот определен со законот,
- настапи било која од причините утврдени со законот за престанок со работа на здружението.

ПОСТАПУВАЊЕ СО СРЕДСТВАТА И ИМОТОТ ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 31

Во случај на престанок со работа на здружението, имотот и средствата остануваат во сопственост на Центрите за дијализа на бубрежно болни граѓни.

ДРУГИ ПРАШАЊА УТВРДЕНИ СО ЗАКОН

Член 32

За сите прашања што не се регулирани со овој закон, се применуваат одредбите од Законот за здруженија и фондации.

Здружение на бубрежно болни граѓани „ДИАФЕН" Бр. 03-65/16 16.12 2016 Скопје